

КАРПОШ

НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН








# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ПОСЛЕДНА ПОЧЕСТ ЗА СЕКРЕТАРОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ



Со едноминутно молчење и со пригодна реч, денес, на XVIII. Седница на Советот на Општина Карпош, советниците од сите советнички групи на Општина Карпош му одадоа последна почит на неодамна починатиот Секретар на Општината, Владо Поповски. Седницата имаше единствена точка на дневниот ред: Предлог-Одлука за определување на финансиски средства за погребни трошоци. Со израз на сочувство до присутното семејство, Градоначалникот Стевчо Јакимовски, советниците и претставниците од општинската администрација, се обрати претседателот на Советот на Карпош Сашо Лазаревски, кој рече дека сите сме сведоци дека секретарот Поповски беше навистина врвен професионалец, човек кој имаше огромно знаење од функционирањето на локалната власт, на Советот, од правото и неговите знаења и совети беа од скапоцено значење. Тоа што речиси цела година Советот на Општина Карпош функционира без поголеми проблеми и тешкотии, на кој се носат клучни и суштествени одлуки за нашите сограѓани, начинот на кои се изготвуваат и носат, нивната правна заснованост и законска издржаност, во најголема мерка му ја должиме токму на секретарот Поповски, рече претседателот на Советот на Општина Карпош.







За човечките и професионални вредности на секретарот Поповски и неговиот политички пат говореа Градоначалникот Стевчо Јакимовски и советникот од ГРОМ Зоран Поповски. Тој беше кроток, ненаметлив, скромен и доблесен, изјави во својот говор Градоначалникот Јакимовски. Беше силно остроумен и неговото мислење, неговиот став секогаш беа оние најисправните. Тој беше еден од носечките столбови на Општина Карпош, со неговиот труд Карпош го стекна сертификатот ИСО 9001, беше беспрекорен учител на општинската администрација и за административното работење и нечесто, од другите општини во градот не молеа да го позајмиме за помош при усогласување на процедурите на работа и обучување на нивните тимови. Тој беше девет години Секретар на Град Скопје и министер без ресор во Владата на РМ, во периодот 2002-2006година, но на секоја втора седница на владата на РМ Владо имаше некоја своја точка, рече Јакимовски кој нагласи дека Секретарот беше воркохолик кој до последниот здив го даваше својот придонес за Општината. Неговиот политички пат, како што истакна советникот од ГРОМ Зоран Поповски почнува од далечната 1979 година како секретар на младината РК на ССММ, за да оди по нагорна линија до денес, давајќи огромен придонес во демократските процеси на земјата. На крајот со 19 гласа „за“ советниците на Карпош ја изгласаа Одлуката за определување на финансиски средства за погребни трошоци и се потпишаа во книгата на жалоста.

# КРУЖЕН ТЕК НА „ПАРТИЗАНСКА“ СО ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Официјално започна изградбата на кружниот тек на „границата“ меѓу општините Карпош и Ѓорче Петров како и проширувањето на улицата кон црквата Свети Петар и Павле. Градоначачникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски изрази задоволство од почетокот на градба на ова сообраќајно решение со кое решава проблемот што жителитеод овој дел, во двете општини го имаат со оваа улица и со кое ќе се обезбеди поголема заштита за жителите на наслебата Порта Влае.

- Со ова ќе се зголеми протокот на сообраќајот кој се одвива од општина Карпош према општина Ѓорче Петров. На тој начин се олеснува животот на жителите на Порта Влае. Досега ова беше тесно грло и сите возила стоеја на семафорите, што значи дека гасовите и се останато останува во воздухот и го загадува овој дел од општината Карпош. За сообраќајниот проект ќе бидат одвоени еден милион евра а со него е предвидено вкростување на булеварот „Партизански Одреди“ и улицата „Ѓорче Петров“.

Кружниот тек ќе располага со две коловозни ленти и средишно зеленило. Во текот на изградбата ќе се обнови фекалната канализација, а ќе се постави нова атмосферска канализација и улично осветлување. На почетокот на изградбата на кружниот тек присуствуваа Премиерот Никола Груевски, градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, градоначалникот на општина Ѓорче Петров, Сокол Митревски, а од страна на Општина Карпош, градоначалникот Стевчо Јакимовски и претседателот на Советот Сашо Лазаревски.







# КАРПОШ ОДДАДЕ ПОЧИТ КОН ЗАГИНАТИТЕ ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ



На ден 26јули 2014 делегација на Општина Карпош, предводена од Претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаровски,и членовите на Советот Горан Михајлов и Даниела Штерјова, положија свежо цвеќе пред споменикот на настраданите жители на Скопје на Градските гробишта во Бутел. Општинското раководство, во име на своите сограѓани, изрази пригодна почит и сеќавање на овој настан. Пред 51 години на овој ден, 26-ти јули 1963-тата година, утрото во пет часот и 17 минути Скопје го погоди катастрофален земјотерес со интензитет од девет степени според Меркалиевата скала. Во урнатините животот го загубија 1.100 лица, 3.000 беа повредени, а 200.000 останаа без покрив над главата. Меѓу најнастраданите подрачја во градот беше Општина Карпош. Меѓутоа, Карпош израсна во модерна општина, во општина на солидарноста во чие постземјотресно издигнување учествуваа инженерски и спасувачки екипи од сите краишта на светот.







# КОРПИ ЗА МИЛЕНИЦИ ВО КАРПОШ

Општина Карпош и здружението за заштита на животните "АНИМА МУНДИ" во текот на изминатиот викенд, во рамки на утврдената соработка, на територијата на Општината постави корпи за соодветно справување со отпад од домашни миленици. Оваа реализација претставува дел од преземените обврски согласно потпишаниот Меморандум за соработка во делот на едукација за опасностите од злоупотреба на отровни материи во урбана средина и воедно подобрување на квалитетот на животот на граѓаните. Општина Карпош и понатаму останува посветена кон унапредување на стандардите на живеење на своите граѓани преку заштита на животната средина и природата.





# КАРПОШАНЕЦОТ ТОМИ СТЕФАНОВСКИ ТРИУМФИРАШЕ ВО КАНАДА

Еден од нашите најдобри маратонци, Томи Стефановски (43) , го подели првото место со Канаѓанецот Ксавиер Дешарни на пливачкиот маратон во студеното канадско езеро Лак Сен Жан во Канада, со тоа тој го повтори минатогодишниот триумф. Патеката од 32 километри и двајцата пливачи ја минаа со време од 7 часа, 9 минути и 8 секунди, а ниту фотофинишот, рамо до рамо, не можеше да го одреди победникот. Со оваа победа Стефановски се искачи на врвот во генералниот поредок на маратонската серија на ФИНА. До крајот на Гранд при серијата на ФИНА остануваат уште три маратони - на 2. август на езерото Магог, потоа Охридскиот маратон кој е на 23. август, а последната трка е во Капри - Неапол на 7. септември. Општина Карпош во континуитет го поддржува маратонското пливање ,а ги помагаме со финансиски средства и членовите на македонската пливачка репрезентација.




